„Совет на општина Шуто Оризари-Konsili ki komuna Šuto Orizari-Kёshilli I komunёs Shuto Orizari„
„Република Северна Македонија–Republika Utarali Makedonija-Republika e Maqedonisё sё Veriut„

Бр- No-Nr.08-109/25
24.01.2020 год- berš-viti
СКОПЈЕ- SKOPJE-SHKUP

Врз основа на член 36, став 1 точка 15, а во врска со член 22 став 1 точка 6 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија'' бр.5/02), член 36, став 1, точка 15 од Статутот на општина Шуто Оризари („Службен гласник на општина Шуто Оризари'' бр.1/97), член 22-а од Законот за спорт („Службен весник на Република Македонија„ бр.29/02, 66/04, 81/08, 18/11, 51/11, 64/12, 148/13, 187/13, 42/14, 138/14, 177/14, 72/15, 153/15, 6/16, 55/16, 61/16, 106/16 и 190/16„), Советот на општина Шуто Оризари на својата 25-та седница на Советот на Општина Шуто Оризари, одржана на 24.01.2020 год, донесе:

# О Д Л У К А
## за усвојување на
## Правилник за доделување на стипендија на спортист-спортска надеж на општина Шуто Оризари

### член 1

Се усвојува Правилник за доделување на стипендија на спортист-спортска надеж на општина Шуто Оризари

### член2

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Шуто Оризари''.

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ШУТО ОРИЗАРИ**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
Фатима Османовска

,,П Р А В И Л Н И К,,
,,за доделување на стипендија на спортист-спортска надеж на Општина Шуто Оризари,,

,,Градоначалник на општина Шуто Оризари - Šerutno ki komuna Šuto Orizari - Kryetari I komunës Shuto Orizari,,
,,Република Северна Македонија - Republika Utarali Makedonija - Republika e Maqedonisë së Veriut,,

Бр- No-Nr. 08-109/25
24.01.2020 год- berš-viti
СКОПЈЕ- SKOPJE-SHKUP

Врз основа на член 36 став 1, точка 15, а во врска со член 21 став 1 и член 22 став 1 точка 6 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на Република Македонија бр.05/2002,,) член 22-а од Законот за спорт (,,Службен весник на Република Македонија,, бр.29/02, 66/04, 81/08, 18/11, 51/11, 64/12, 148/13, 187/13, 42/14, 138/14, 177/14, 72/15, 153/15, 6/16, 55/16, 61/16, 106/16 и 190/16,,), Советот на општина Шуто Оризари на 25-тата седница донесе:

## ПРАВИЛНИК
За доделување на стипендија на спортист-спортска надеж на Општина Шуто Оризари

### Член 1

Со овој Правилник се утврдуваат условите,критериумите и постапката за доделување на стипендија на спортист-спортска надеж на Општина Шуто Оризари.

**Општи одредби**

### Член 2

Општина Шуто Оризари доделува 1(една)стипендија на спортист-спортска надеж на Општина Шуто Оризари.

Стипендијата се доделува за време од 6(шест)месеци во текот на годината.

Износот на стипендијата не може да биде понизок од 2.500,00 денари месечно, а за секоја година висината се утврдува со Буџетот на Општина Шуто Оризари.

Висината на стипендијата ја определува Граданачалникот на Општина Шуто Оризари со посебна одлука.

Стипендијата се доделува на спортисти од Општина Шуто Оризари,членови на спортски друштва,клубови и асоцијации кои имаат постигнато резултати во спортски натпреварувања со категорија спортист-спортска надеж.

Исплатата на стипендијата се врши почнувајќи од месец април и завршува со месец септември.

**Право на стипендија**

### Член 3

Право на стипендија имаат кандидати кои се:

Жители на Општина Шуто Оризари;

На возраст од 17-20 години;

Членови на спортски клуб,друштво или асоцијација регистрирана во Агенција за млади и спорт со решение за вршење дејност спорт;

Членови на национални спортски федерации кои реализираат национални спортски систем на натпревари и учествуваат во меѓународни натпревари за возрасни категории;

Спортисти во индивидуални спортови врз основа на остварени спортски резултатиспоред утврдена ранг листа на најуспешните млади спортисти до 20 години од странана меѓународна спортска федерација;

Спортски во екипни спортови врз основа на составот на Репрезентациите до 20 години според утврденаранг листа на најуспешните млади спортисти до 20 години од соодветниот спорт,подготвени од националните спортски федерации;

Ученици на национални или меѓународни систем натпревари во некои од следните спортови:

-борење
-велосипедизам
-гимнастика
-карате
-кошарка
-скијање
-тенис
-триатлог
-футбал
-шах.

Стипендија-спортска надеж на Општина Шуто Оризари не може да се доделува два пати последователно,односно во две последователни календарски години на ист спортист на кој претходната година му била доделена ваква стипендија.

По исклучок од горенаведениот став,стипендијата-спортска надеж на Општина Шуто Оризари може да се додели на ист спортист на кој претходната година му била доделена ваква стипендија доколку во постапката е поднесена само една прифатлива пријава за стипендија.

**Критериуми за доделување на стипендијата-спортска надеж на Општина Шуто Оризари.**

**Член 4**

За доделување на стипендијата се утврдуваат следните критериуми:
За учество на национален систем натпревари-5 бода
За освоено место на национален систем натпревари:
1 место - 15 бода
2 место - 10 бода
3 место - 5 бода
За учество на меѓународни системи натпревари-10 бода
За освоено место на меѓународни системи натпревари:
1 место - 20 бода
2 место - 15 бода
3 место - 10 бода
За приложен Календар со предвидени идни учества на спортски натпревари во национални или меѓународни системи-10 бода

**Постапка за доделување на стипендии**

**Член 5**

Стипендија се доделува врз основа на распишан Конкурс.
Конкурсот го распишува Градоначалникот на Општина Шуто Оризари.

Конкурсот се објавува на веб страната на Општина Шуто Оризари,на огласна табла на Општина Шуто Оризари и во локалите ТВ и електронски медиуми и портали и трае минимум 8 дена.

Конкурсот се распишува најдоцна до месец март.

**Член 6**

Согласно објавениот конкурс кандидатот поднесува пријава кон која ги приложува следните документи:

-Кратка биографија на кандидатот,

-Фотокопија од Решение за упис во регистерот на Агенцијата за млади и спорт на спортско друштво,клубот или асоцијацијата каде членува кандидатот,

-Фотокопија од лична карта на кандидатот,

-Изјава за давање на согласност за користење на лични податоци,

-Уверение од национална спортска федерација (НСФ) за постигнати резултати на кандидатот во спортски натпревари од републички или меѓународен карактер (доколку постигнал пезултат),

-Календар од национална спортска федерација(НСФ) за планирани идни учества на кандидатот на кандидатот на спортски натпревари од национален или меѓународен карактер(доколку има),

-Доказ(цертификати/дипломи) за учество на национални и/ или меѓународни натпревари,

-Доказ(цертификати/дипломи) за постигнати резултати и усвоено 1-во,2-ро или 3-то место на национални и/или меѓународни натпревари.

Пријавите со документите се доставуваат во Општина Шуто Оризари или по пошта на адреса: Општина Шуто Оризари,ул.,,Хаџи Јован Шишко''бр.36 Скопје.

**Член 7**

Доставените пријави по конкурсот за доделување на стипендија-спортска надеж ги разгледува Комисија формирана од Градонацалникотна Општина Шуто Оризари од редот на Општинската администрација.

Комисијата е составена од три члена и нивни заменици.

Комисијата се именува за период од четири години.

**Член 8**

Комисијата за спроведување на постапката за доделување на стипендија на спортист-спортска надеж на Општина Шуто Оризари работи во полн состав.

Комисијата некомплетните и неблаговремените пријави не ги разгледува.

Комисијата за својата работа води Записник.

Комисијата од прифатливите пријави утфрдува ранг листа и му ја доставува на Градонацалникут на разгледување и одлучување.

Градонацалникот врз основа на утврдената ранг-листа донесува Одлука за доделување на стипендија на спортист-спортска надеж наОпштина Шуто Оризари.

Градоначалникот донесува одлука за доделување на стипендија или за поништување на постапката во рок кој не е подолг од рокот за поднесување на пријавите.

Градоначалникот може да ја поништи постапката за доделување на стипендија на спортист-спортска надеж на Општина Шуто Оризари ако не е поднесена ниту една пријава или ниту една прифатлива пријава.

За Одлуката за доделување на стипендија или за поништување на постапката писмено се известуват кандидатите,во рок од три дена од денот на донесување на одлуката на Граданачалникот.

Против Одлуката на Граданачалникот може да се поднесе Приговор во рок од 3(три)дена од денот на приемот на Одлуката.

Приговорот се поднесува до Граданачалникот наОпштина Шуто Оризари.

**Член 9**

Со кандидатот на кој му е доделена стипендијата-спортска надеж на Општина Шуто Оризари ќе биде склучен посебен Договор со кој подетално ќе се утврди начинот и условите за користење на стипендијата.

**Член10**

Овој правилник може да се измени или дополни само во писмена форма.

**Член11**

Овој Правилник влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во,,Службен гласник на Општина Шуто Оризари''.

Претседател
на Советот на Општина Шуто Оризари
Фатима Османовска